совет за етика во
медиумите на македонија

21.11.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Вања Мицевска за фотографија во текстот со наслов "(ФОТО) Страшна сообраќајка пред Охрид – Загина 19 годишно момче", објавен на 06.10.2016 година, на Интернет порталот Репортер (www.reporter.mk)**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4, 7, 8 и 12.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост."*

Член 8.

*"Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки, мора да биде ослободен од сензационализами.*
*Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда."*

Член 12.

*"Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот."*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 10.10.2016 година, Вања Мицевска поднесе жалба за фотографија во текстот со наслов "(ФОТО) Страшна сообраќајка пред Охрид – Загина 19 годишно момче", објавен на 06.10.2016 година, на Интернет порталот Репортер (www.reporter.mk).

Во жалбата се наведува дека реакцијата е за објавената фотографија и дека со објавувањето на фотографијата е нарушена приватноста. Во образложението на жалбата се вели дека медиумот, без никаква етика, професионализам и емпатија, објавил фотографија од мртво лице, а не е наведено дека фотографијата е вознемирувачка. Освен тоа, наведено е дека не се водело сметка за реакциите на блиските на жртвата кои можеби се' уште и не знаеле за неговата смрт.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Репортер и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на фотографијата е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 08.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката Вања Мицевска и направи увид во наведената фотографија и текст.

Комисијата ја контактираше жалителката со прашање дали поднесува жалба како директно засегната страна, односно дали го познава момчето на фотографијата во однос на блиски или семејни односи, по што доби одговор дека тоа го прави поради вознемиреноста како читател.

Комисијата ја провери фотографијата од текстот каде што е претставено загинато лице и констатираше дека станува збор за монтирана фотографија која не е одраз на реалноста. Оригиналната фотографија потекнува од страницата (https://snusercontent.global.ssl.fastly.net/member-profile-full/79/2887979_5179447.jpg), а авторот на текстот направил и плагијатортсво, со тоа што не информирал дека тој не е автор на фотографијата, одосно не навел од каде или кого ја презел.

Членовите на Комисијата констатираа дека Интернет порталот направил фотомонтажа од наводна сообраќајка, со која го опремува текстот и во ниту еден контекст не укажува дека станува збор за монтирана фотографија, со што го доведува во заблуда читателот и го мами дека има фотографија од самиот настан, што не е точно, односно претставува фалсификат. Авторот на текстот не дава објективна информација за настанот, а и никаде не го наведува изворот на информацијата.

Комисијата најде дека Интернет порталот Репортер, со фотомонтажа, се обидел од неосведочен несреќен настан да направи сензација, што не е дозволиво во професионалното новинарство.

Комисијата потсетува и дека, иако во овој случај не станува збор за фотографија од лице кое навистина настрадало во собраќајна несреќа и дека предметната фотомонтажа не засега семејство на евентуално засегнатото лице, објавувањето фотографии од лица (кои не се јавни личности) настрадани во несреќи е неетичко во новинарската професија.

***

Комисијата за жалби најде дека во текстот со спорната фотографија со наслов "(ФОТО) Страшна сообраќајка пред Охрид – Загина 19 годишно момче", објавен на 06.10.2016 година, на Интернет порталот Репортер, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Комисијата констатира дека е прекршен член 4, според кој изворот на информацијата, по правило, треба да се идентификува, освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна.

Комисијата заклучи дека е прекршен член 7, според кој правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензационалност.

Комисијата констатира дека е прекршен член 8 од Кодексот, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки, мора да биде ослободен од сензационализами.

Комисијата најде дека е прекршен и член 12, според кој фотографиите мораат да бидат потпишани со име и презиме на авторот и не смеат да се отстапуваат на трети лица без одобрение на авторот.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Репортер (www.reporter.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје